Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 став 2 и 22-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден ___.09.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за утврдување на цена за превезување на патници во општински линиски превоз од страна на превозникот Ален 2000 ДООЕЛ с.Црквино, Велес

1. Со ова Решение се утврдува цената за превезување на патници во општинскиот линиски превоз за линија:

-с.Црквино-Велес-с.Црквино, понудена од превозникот Ален 2000 ДООЕЛ с.Црквино, Велес и тоа линија:

Цена на билет во еден правец

- с. Црквино-Велес =160,00 денари;
- Венуле-Велес =120,00 денари;
- Бабуна-Велес=70,00 денари;
- с. Црквино-Венуле=45,00 денари;
- с. Црквино-Бабуна=70,00 денари;
- Венуле-Бабуна=45,00 денари.

2.Превозникот е должен да врши превезување на патниците со вака утврдените цени и доколку има промена, должен е за истата да го извести Советот на општината.

3.Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението за утврдување на цена за превезување на патници во општински линиски превоз од страна на превозникот Ален 2000 ДООЕЛ с.Црквино, Велес со бр.25-4390/18 од 30.09.2022 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 15/22).

4.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р

Образложение

Советот на Општина Велес, на 21-ва седница одржана на ден 29.09.2022 година, донесе Решение за утврдување на цена за превезување на патници во општински линиски превоз од страна на превозникот Ален 2000 ДООЕЛ с.Црквино, Велес со бр.25-4390/18 од 30.09.2022 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 15/22).

Согласно член 22 став 2 и 22-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25): „Единствениот тарифен систем и начинот на продажба на возни билети, односно електронски карти за сите превозници кои вршат линиски превоз на патници на подрачјето на град Скопје го утврдува Советот на градот Скопје со одлука“.

На ден 21.05.2026 година, од страна на Ален 2000 ДООЕЛ – с.Црквино Велес, до Советот на Општина Велес е доставено Барање со бр.09-2494/2 за корегирање на цената за линиски превоз на релација Црквино – Велес со попатните станици.

Барањето е поднесено заради усогласување на зголемувањето на трошоците во последните 4 години, а кои се однесуваат на: одржување на возилата, плати, амортизација и редовни трошоци, со актуелните трошоци.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот.

До претседател на Совет

и Совет на Општина Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

Примено: 21-05-2026
Орг. ед. | Бр. | Прилог | Вредност
09-2494/2

БАРАЊЕ

Од Ален 2000 ДООЕЛ - с. Црквино б.б. Велес застапувана од Умер Калач с. Црквино со лична карта бр.МО594601 и м.б. 0203969480008 издадена од МВР Велес.

Бараме од претседателот на Советот и Советот на Општина Велес да се разгледа на некоја од вашите следни седници и се надеваме прифати нашето барање кое се состои од следното:

Бараме да ни се корегира цената за линиски превоз за линија бр.6 на релација Црквино-Велес со попатните станици.

Пред околу 4 години на 30.09.2022година кога последен пат имавме утврдување на цени за линиски превоз на територија на Општина Велес, сите вршители на услугата за линиски превоз на територија на Општина Велес ја корегираа цената за 40% само оваа линија бр.6 Црквино-Велес односно фирмата Ален 2000 ДООЕЛ ги корегираше цените за околу 20-25% за што на увид ви го доставувам решението за утврдување на првичните цени од 11.01.2019година и последното решение од 20.09.2022година, и овие цени се утврдени од претходните состави на Општина Велес.

Во меѓувреме за овие 4 години трошоците за одржување на возилата, плати, амортизација и редовните трошоци се зголемени и со овие цени едвај составуваме крај со крај, бидејќи оваа линија особено зависи од ученици а бројот на истите се намали за повеќе од 50% што можете да го проверите преку училиштата, затоа бараме и ве замолуваме за корекција на цената што би било во интерес на жителите од овие населени места за да опстои линијата а би било во интерес и поисплатливо за Општината, земајќи ги во предвид тендерските цени по километар а и за нас како фирма би било подобро заради подолгорочни планирања.
Ви ги претставуваме моменталните цени во еден правец со вклучен ддв и цените кои што ги побаруваме

Релација	**Моментална цена**	**Нова барана цена**
Црквино-Велес	125	160
Венуле-Велес	100	120
Бабуна-Велес	60	70
Црквино-Венуле	40	45
Црквино-Бабуна	60	70
Венуле-Бабуна	40	45

Се надеваме дека ќе ни го прифатите барањето бидејќи е од заеднички интерес на сите, а ние ќе продолжиме да ги извршуваме своите обврски како и досега.

Однапред благодариме и голем поздрав.

Датум: 21.05.2026год,

ДООЕЛ Ален 2000

Општина ВЕЛЕС
Број 08 - 4509 / 2
14.11.2022 год.

Врз основа на член 7,8,10 и 18 од Законот за превоз на патниот сообраќај („Службен весник на РМ" бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19) и Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес

Градоначалникот на Општина ВЕЛЕС на ден 14.11.2022 донесе :

Р е ш е н и е

за издавање на лиценца за ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

На "АЛЕН 2000" ДООЕЛ од Велес, ВЕЛЕС

се издава решение за вршење општински линиски превоз на патници во општина Велес со издавање на лиценца за вршење општински линиски превоз на патници и извод од лиценцата за секое возило за кое има поднесено потполна документација.

Ова решение важи до истекот на лиценцата доколку "АЛЕН 2000" ДООЕЛ од с. Црквино, Велес ги исполнува условите од Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.2/18) и позитивните законски прописи.

О б р а з л о ж е н и е

"АЛЕН 2000" ДООЕЛ од с. Црквино, Велес поднесе барање од 10.10.2022 година, за издавање на лиценца и извод од лиценцата за вршење општински линиски превоз на патници за 3 (три) возила.

По разгледувањето на барањето и приложената документација беше констатирано дека превозникот ги исполнува условите од член 8 од Законот за превоз во патниот сообраќај и условите од Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Велес за добивање на лиценца и извод од лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници за 3 (три) возила.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 8 дена (по ЗОУП) од денот на приемот на истото преку овој орган до Министерството за транспорт и врски со:
Административни такси за Жалба:
Назив на примачот: Трезорска сметка
Банка на примачот: Народна банка на РМ
Сметка: 100000000063095
Износ: 250,00 МКД
Уплатна сметка: 840 111 03182
Приходна шифра и програма: 722 315 00

Изработил : Горан Коцевски
Контролирал : Снежана Дервишова
Одобрил: Петре Цилаков

Градоначалник
на Општина ВЕЛЕС

АЛЕН 2000 ДООЕЛ

Патничка

08-589/2
25.01 2024 год.

ВОЗЕН РЕД

За линија во општинскиот превоз на патници на подрачјето на Општина Велес

Линија бр: 6- Црквино-Велес- Црквино

Поаѓање од Црквино

Р.бр. на поаѓање	Црквино	Венуле	Бабуна	Долни дуќани	Основен суд	Спортска сала „Гемиџии“	Жито Вардар	Километри
1	06:30	06:35	06:40	06:45	06:50	06:55	07:00	Црквино- Жито Вардар 15км
2	07:05	07:10	07:15	07:20	07:25	07:30	07:35	
3	12:35	12:40	12:45	12:50	12:55	13:00	13:05	
4	19:00	19:05	19:10	19:15	19:20	18:25	19:30	

Враќање од Велес

Р.бр. на враќање	Жито Вардар	Надвозник на Битолска пруга	Комплекс зграда „Бисер“	Театар	Срмаале	Долни дуќани	Бабуна	Венуле	Црквино	Километр
1	07:00	07:02	07:05	07:07	07:10	07:15	07:20	07:25	07:30	Жито Вардар - Црквино 15км
2	07:35	07:37	07:40	07:42	07:45	07:50	07:55	08:00	08:05	
3	13:05	13:07	13:10	13:12	13:15	13:20	13:25	13:30	13:35	
4	19:35	19:37	19:40	19:42	19:45	19:50	19:55	20:00	20:05	

Режимот на одржување на линијата е секој работен ден во период од 01.09 до 01.07 секоја календарска година.

АЛЕН 2000 Умер ~~ДООЕЛ~~ експорт-импорт с.Црквино Велес

Возниот ред е со важност од 25.01.2024 година до 25.01.2029 година

Општина ВЕЛЕС
Градоначалник

Врз основа на член 22 и 22-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 67/22), член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06,13/09,18/10, 15/14 и 15/18), а согласно Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.2/18 и 20/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.09.2022 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за утврдување на цена за превезување на патници во општински линиски превоз од страна на превозникот Ален 2000 ДООЕЛ с.Црквино, Велес

1. Со ова Решение се утврдува цената за превезување на патници во општинскиот линиски превоз за линија:

-с.Црквино-Велес-с.Црквино, понудена од превозникот Ален 2000 ДООЕЛ с.Црквино, Велес и тоа линија:

Цена на билет во еден правец

- с. Црквино-Велес =125,00 денари;
- Венуле-Велес =100,00 денари;
- Бабуна-Велес=60,00 денари;
- с. Црквино-Венуле=40,00 денари;
- с. Црквино-Бабуна=60,00 денари;
- Венуле-Бабуна=40,00 денари.

2.Превозникот е должен да врши превезување на патниците со вака утврдените цени и доколку има промена, должен е истата да ја пријави до Советот на општината.

3.Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението за утврдување на цена за превезување на патници во општински линиски превоз од страна на превозникот Ален 2000 ДООЕЛ с.Црквино, Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/19).

4.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-4390/18
30.09.2022 год.
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков

Доставено до:
-Градоначалник,
-Превозникот,
-Одд. за комунални работи,
-Списи и архива